Најчесто нема симптоми, но кај неки жени може да се појави: необичен исцедок од вагината со специфичен, непријатен мирис, чешање или болка во вагината или надвор од неа, болка при сексуален однос или при мокрење. Се открива со земање на примерок - брис од вагина, поретко примерок од урина. Се лекува со антибиотици во облик на вагиналети, таблети или креми. Кремите може да го оштетат латексот (материјата од која е изграден кондомот), затоа, додека трае лекувањето, се препорачува апстинирање од сексуални односи.

**СРАМНИ ВОШКИ**

Срамните вошки се пренесуваат при незаштитен сексуален однос. Тие може да се пренесат и при употреба на чаршави, крпи за бришење и облека од инфицирана личност. Предизвикувачи се мали инсекти.
Најчести симптоми: чешање во гениталната регија, појава на светло - кафени инсекти со големина на шпенагла и појава на белузлави гниди на влакната на гениталните органи.
Се лекуваат со помош на специјални креми, лосиони, шампони.

**ХЕПАТИТИС**

Вирусна инфекција на црниот дроб позната како жолтица. Познати се повеќе типови на вирусот на хепатитис од кои сексуално преносливи се тип Б и тип Ц. Типот Ц се пренесува преку: крвен пат (употреба на користени игли, шприцеви, нестерилни интрументи за тетовирање, пирсинг, трансфузија на крв и сл.), незаштитен сексуален однос, од бремена жена на плодот во текот на бременоста.
Многу лица немаат симптоми, но доколку се појават најчести симптоми се: знаци на настинка, умор, гадење и повраќање, пролив, намален апетит, губење на тежина, жолто пребојување на кожата и белките на очите, чешање на кожата. Се открива преку: лекарски преглед и со посебни крвни тестови.
Хепатитис Б може спонтано да помине или со соодветна терапија да се излекува без последици. Хепатитис Ц и покрај современите трендови на лекување, преминува во хронична форма со трајни оштетувања на црниот дроб (цироза или рак на црниот дроб).

**ХИВ/СИДА**

Сида (АИДС) или Синдром на стекната имунодефициенција предизвикан од ХИВ. Тоа значи дека инфекцијата со ХИВ се стекнува во текот на животот (не е наследна) при што во организмот постепено слабее имуниот систем и тој ја губи способноста да се брани од многу заболувања од кои би се одбранил, доколку не е инфициран со ХИВ.

ХИВ - human immunodefficiency virus се пренесува при незаштитен сексуален однос (анален, вагинален, орален), по крвен пат (размена на употребени игли и шприцеви, нестерилни инструменти за тетовирање, пирсинг и сл.) и од инфицирана мајка на дете (бременост, породување, доење). Не се пренесува на следниве начини: ракување, гушкање, бакнување, кивање, кашлање, допир на предмети за јавна употреба, тоалети, базени, јавен превоз, спортување, садови за јадење, пешкири, постелина, инсекти, домашни животни.
По инфицирањето со ХИВ поминува долг временски период (просечно од 10 - 15 години) без да се манифестираат симптоми на инфекција. Во тој период лицето е носител на ХИВ, се чувствува и изгледа добро, може да го пренесува на други без да е свесен за тоа, а единствен начин да дознае дали е ХИВ+ е ХИВ тестот.
СИДА е крајниот стадиум на ХИВ инфекција и се карактеризира со низа болести (состојби): долготрајно покачена температура, губење на тежина, јак умор, долготрајни проливи (цревни инфекции), постојано зголемени жлезди на телото, инфекции на белите дробови, мозокот, кожата, кандида во органите за варење и на гениталиите, херпес и тумори поврзани со ХИВ инфекцијата.
Единствен начин да се дознае ХИВ статусот е со ХИВ тест - посебен тест на крвта кој открива антитела, т.е. реакција на организмот ако вирусот е присутен. Треба да се направи по 3 месеци од ризичното однесување и да се повтори по 6 месеци. Не постојат лекови кои ќе го уништат вирусот, тие само го успоруваат неговото дејствување. Се лекуваат придружните инфекции и нарушувања. Целта на третманот е што е можно подолго да се одржува лицето во добра состојба и да има квалитетен живот. И покрај настојувањата на современата медицина сѐ уште крајниот исход од ХИВ инфекцијата е смртта.

**Важно:**
**Кондомот е единственото средство кое истовремено штити од несакана бременост, ХИВ/СИДА и СПИ.**

Младински центар за сексуално и репродуктивно здравје „Сакам да знам" Елисие Поповски бр.2, Скопје,
инфо тел. **02/3176-950**

Младински центар за сексуално и репродуктивно здравје „Сакам да знам" Шуто Оризари, Скопје
инфо тел. **02/2651-955**

Бесплатна СОС линија за ХИВ/СИДА и сексуално преносливи инфекции **0800-33-444**

Советувалиште за ХИВ/СИДА бесплатно, доверливо, доброволно ХИВ тестирање и советување
инфо тел. **02/3147-752**

**www.hera.org.mk**
**www.sakamdaznam.org.mk**

изработено од:

H.E.R.A.
IPPF International Planned Parenthood Federation
European Network

„Изработката и печатењето на оваа брошура е овозможено со финансиска поддршка на канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје. Наведените мислења во оваа публикација се ставови на авторите кои не секогаш се совпаѓаат со ставовите на Канцеларијата на УНИЦЕФ"

СПИ

# Сексуално Преносливи Инфекции



## СПИ – сексуално преносливи инфекции

СПИ се заразни заболувања кои најчесто се пренесуваат по сексуален пат (уште познати како полово преносливи инфекции).
Доколку имаш некои од долунаведените симптоми, постои можност да имаш СПИ. Можно е да не се работи за нешто сериозно, но најважно е да направиш контрола кај гинеколог, уролог или дерматовенеролог.

- Промена на бојата, мирисот, густината на нормалниот вагинален исцедок
- Исцедок од пенисот
- Болна раничка или меурчиња во близина на вагината, анусот или пенисот
- Црвенило, исип, чешање околу гениталиите
- Јадеж или иритација околу вагината, пенисот или анусот
- Печење, болка при мокрење
- Болка за време на сексуални односи

**Како се пренесуваат сексуално преносливите инфекции?**

- Незаштитен сексуален однос (сексуален однос без кондом)
- Директен контакт со инфицираното место
- Од бремена жена на плодот (во текот на бременоста, породувањето или доењето)
- Крвен контакт: употреба на веќе користени игли, шприцеви при интравенско користење дрога, тетовирање, пирсинг и сл.

Многу СПИ честопати не даваат никакви симптоми – може да си инфициран и да ја пренесуваш инфекцијата на сексуалниот партнер и без да знаеш!

Кои се последиците ако не се лекуваат?

- Намалена плодност до стерилитет (неможност за создавање потомство) и кај мажите и кај жените
- Отежната бременост, спонтани абортуси, мртвородено
- Пренесување на инфекцијата на новороденото
- Зголемен ризик за појава на рак на грлото на матката/пенисот
- Смртен исход (ХИВ/СИДА или некои сериозни СПИ)

## НАЈЧЕСТИ СЕКСУАЛНО ПРЕНОСЛИВИ ИНФЕКЦИИ

### ГОНОРЕЈА - Трипер

Гонорејата е бактериска инфекција, која се пренесува преку незаштитен сексуален однос (орален, вагинален, анален), преку предмети (сексуални помагала, заеднички пешкири, долна облека и сл.), како и од мајка на дете за време на породувањето. Најчести симптоми се појава на жолто – зелен исцедок од пенисот или вагината, болка и печење при мокрење, црвенило и/или исцедок од аналниот отвор, воспаление на тестисите и простатата. Инфекцијата се открива преку земање на примерок - брис од местото на инфекцијата (кај женските од грлото на матката, кај машките од мочниот канал, анусот или грлото, а понекогаш од урината). Се лекува со антибиотици. Доколку не се лекува навремено и соодветно, може да остави трајни последици – стерилитет.

### СИФИЛИС

Бактериска инфекција позната уште како ЛУЕС, која, доколку не се лекува, може да доведе до сериозни срцеви и мозочни оштетувања.
Сифилисот, кој има три стадиуми, може да се пренесе за време на првиот и вториот стадиум и тоа преку: незаштитен сексуален однос (орален, анален, вагинален), преку контакт со сифилична раничка која најчесто е во гениталната регија како и во текот на бременоста (бремена жена може да го пренесе на плодот), додека пак третиот најчесто е фатален.
Симптомите кои ги развива сифилисот се: безболна раничка најчесто на гениталиите придружена со безболен оток на лимфните јазли во регијата, црвен дамчест исип по цело тело, зголемени жлезди и покачена температура.
Во третиот стадиум настануваат трајни оштетувања на повеќе органи: мозок, нерви, срце и крвни садови, коски.
Се открива преку: лекарски преглед, земање на примерок (брис) од раничка и преку серолошки тестови (со земање крв). Се лекува со антибиотици за двата партнера.

### КЛАМИДИЈА

Кламидијата е една од најчестите и најупорните СПИ. Најчесто нема никакви симптоми, но доколку не се лекува, како компликација може да доведе до стерилитет. Се пренесува преку: незаштитен сексуален однос (вагинален, анален, орален), автоинфекција - контакт со раце на гениталии - очи, како и од мајка на новороден во текот на породувањето.
Најчесто без никакви тегоби, но доколку се појават, се следниве: необичен исцедок од вагината/пенисот, болка/печење при мокрење, болка во долниот дел на стомакот, болка и оток на тестисите.
Се открива преку: земање на примерок - брис од местото на инфекцијата (грлото на матката кај женски, уретрата кај машки), како и преку серолошки тестови (со земање крв). Се лекува со антибиотици - третман на обата партнера истовремено.

### ГЕНИТАЛЕН ХЕРПЕС

Вирусна инфекција при која се јавуваат болни плускавци во пределот на гениталната регија, слични со познатиот херпес на уста. Не постои лек кој може да го отстрани вирусот од организмот. Се пренесува преку: незаштитен сексуален однос (орален, анален, вагинален), може да се пренесе и ако во гениталната регија нема плускавци видливи со око), преку контакт со инфицираното место (херпетична раничка), со бакнеж (уста со уста), од инфицирана мајка.
Може и да не се појават симптоми, но карактеристични промени се: меурчиња исполнети со бистра течност придружени со пецкање и чешање во гениталната регија, кои по прскањето оставаат болниранички, кои сами по себе зараснуваат без лузна. Се открива преку: лекарски преглед, со земање брис од местото на инфекцијата, преку серолошки анализи (со земање крв). Не постои лек кој може да го отстрани вирусот од организмот. Терапијата помага побрзу да се повлечат промените и болката, како и да се продолжи времето до појава на повторна епизода.

### КОНДИЛОМИ

Кондиломите се познати како генитални брадавички. Предизвикувачот е ХПВ (хуман папилома вирус). Инфекцијата со одредени типови на ХПВ е висок ризик за појава на рак на грлото на матката. Инфекцијата се пренесува преку: незаштитен сексуален однос/контакт (орален, анален, вагинален), преку допир на инфицирано место, преку контакт кожа со кожа, од бремена жена на новородено во текот на породувањето. Најчесто без никакви видливи симптоми, но доколку се појават, тие се во вид на: мали, безболни, меки израстоци (брадавички) во вагината, пенисот или анусот, кои може да се придружени со чешање, крварење или болка.

Се открива со: редовни гинеколошки прегледи, ПАП тест, во некои случаи се зема посебен брис за директно откривање на вирусот. Промените може да се повлечат сами по себе, но во лекувањето се користат вагиналети или креми, или хируршки методи.

### ТРИХОМОНИЈАЗА

Трихомонијазата е паразитска СПИ која може да предизвика инфекција кај мажи и кај жени. Честопати, кај многу луѓе, нема никакви симптоми.
Се пренесува преку: незаштитен вагинален сексуален однос, употреба на сексуални помагала, влажни пешкири, ракавици за капење, долна облека, тоалетни школки и сл. Најчесто не се појавуваат никакви симптоми, но доколку се појават, се следниве: зелен пенлив исцедок, чешање, печење, болка при мокрење.
Се открива преку: гинеколошки преглед со брис од вагина кај жени, преку надворешен преглед на тестисите, како и преку брис од мочниот канал кај мажи. Се лекуваат обата партнера истовремено.

### ГАБИЧНА ИНФЕКЦИЈА - КАНДИДИЈАЗА

Предизвикувач е габичка која нормално живее на кожата или во устата, тестисите, вагината, без да предизвика никакви проблеми. Најчесто не се пренесува преку сексуален пат, но сексуалните односи може да доведат до иритација која ќе резултира со појава на габична инфекција.
Симптомите на кандидијаза се: чешање, раздразнетост (болка) и црвенило околу вагината, срамните усни, анусот или кожичката на пенисот, густ бел исцедок со мирис на квасец и др.
Одредени состојби може да доведат до појава на габична инфекција како: бременост, носење долна облека со ликра или тесна облека од синтетика, употреба на антибиотици, употреба на вагинални дезодоранси или парфимирани пени за бањање, кои може да доведат до иритација, незаштитен сексуален однос, шеќерна болест - дијабетес и др.
Кој било маж, исто така, може да има габична инфекција, но почесто се јавува кај необрежани мажи поради честото миење на кожичката на пенисот. Се открива преку: гинеколошки преглед и со земање брис од вагината или од под кожичката на пенисот. Се лекува со антимикотични креми, вагиналети, орални таблети.

### ВАГИНИТИС

Вагинитисот е многу честа инфекција на вагината. Предизвикан е од паразити, бактерии или габички кои растат во вагината и предизвикуваат дразби, од употреба на некои сапуни, хемикалии, средства за интимна хигиена, преку пушење, употреба на јаки прашоци за перење на долната облека.